Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 67, 1 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област теорија на новинарство и системи на информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на помлади асистенти за научната област технологија на конфекција на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за скриптата „Физичка хемија“ од авторот доц. д-р Димко Димески, Технолошко-технички факултет ... 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-186/4 од 7 септември 2011 година донесена на 59. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 7 септември 2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник” на 18 август 2011 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Наташа Колевска.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наташа Колевска е родена на** 11 август 1987 година во Струмица. Основното и средното гимназиско училиште „Јане Сандански” го завршува во Струмица. Високо образование завршува во 2009 година на Американски колеџ „Солун“ во Солун, Република Грција, и се стекнува со **диплома за бизнис администрација со двоен отсек Маркетинг и менаџмент**. Во 2010 година на истата институција успешно завршува магистерски студии, со магистерска теза, на тема „*Бизнис план за проектот за гасификација на Општина Струмица, Македонија*“, и се стекнува со звање **магистер по бизнис администрација со концентрација финансии и банкарство.**

Од приложената документација се гледа дека одлично го владее англискиот, а се служи и со грчкиот јазик. Исто така, има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми, како Windows и Microsoft Office (Excel, Word, Power Point) и други.

***Работно искуство***

Кандидатката има работно искуство од областа на маркетингот. Имено, во период од 2005 до 2009 година работи како асистент за продажба во приватната фирма „Гросс маркет“ во Струмица, а од 2009 до 2011 година и како менаџер во фирмата „Фруктана ДОО“ – с.Аргулица, Штип.

Од почетокот на 2011 година волонтира на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип и притоа успешно ги реализирала сите задолженија. Покажува вештини на комуникација и способност за организирање и реализирање на оперативни задачи.

***Обуки***

Во Струмица во текот на 2009 година кандидатката учествува на две обуки по менаџмент, при што се здобива со сертификат и диплома.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Наташа Колевска ги исполнува сите законски критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере **м-р Наташа Колевска за помлад асистент во научната област –бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Нако Ташков, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Билјана Петревска, член, с.р.**
**Доц. д-р Никола Димитров, член, с.р.**